


м-р Сашо Наумоски

„Стопанската комора како институција претставува потпора на сите движења на стопанството, мост за балансирање на потребите на бизнисите со реалните економски случувања и понудувач на решенија за надминување на проблемите. Обединувањето на компаниите е една од најголемите вредности на Комората, а оттаму произлегува и втората вредност – моќта да влијае и да носи промени затоа што Комората не е само застапник на интересите на бизнис-секторот туку и го институционализира гласот на бизнисот, го става во концепт доволно силен и моќен за да ги издејствува потребните промени и да се спротивстави на сите пречки. Сè што сакаме да артикулираме и да кажеме во однос на недостатоците во работењето во Македонија и за одредени промени, ние го кажуваме преку Комората, заедно со Вас претседателе, информациите за сè што ни треба за странските пазари ги добиваме од Комората. Ние гледаме дека нашиот успех е многу поврзан со Комората. Голем дел од нашите резултати се должат на блиската соработка со Комората.“

„Стопанската Комора на Северна Македонија денес е институција за пример, гласот на бизнисот на сегашните генерации и отворена за идните генерации. За успех на државава потребна е соработка меѓу Комората и Владата и затоа треба да се залагаме за градење стабилни платформи за јакнење на партнерството и на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор.“




д-р Драгана Чифлиганец




м-р Григор Цветанов

„Комората е значаен фактор за бизнисите. Политичарите се креатори на економските политики, меѓутоа Комората е таа која секогаш застанува зад компаниите, и тоа не како сопственици на капиталот туку како ентитети во кои се вклучени вработените и доставувачите, но и како фирми. Затоа Вие претседателе секогаш сте присутни на секое наше отворање на новите погони. Преку Стопанската комора можеме да придонесеме нашето економско опкружување да биде подобро.“

„Комората е двигател на процесите кои ги носи новото време. Комората е локомотивата која ги влече напред и стопанството, и економијата во целина, и е клучен фактор во економско-општествениот живот во државава при водење економски политики и при нивното донесување. Посебно е чест кога Вие, како прв човек на Комората, делите пофални зборови за нашето работење.“




Сашко Самаџиоски




м-р Виктор Мизо

„Советот за странски инвеститори при Стопанската комора низ годините беше она тело кое ги обедини сите компании со странски капитал. Бидејќи во државава има многу билатерални комори кои ги застапуваат интересите на компаниите од различни земји, во Советот за странски инвеститори се собрани на едно место без разлика од каде доаѓаат инвеститорите и од кој сектор. Преку Стопанската комора заедно можеме нашите потреби да ги усогласиме и да бараме реакција од страна на Владата.“

„Стопанската комора ја гледам како рамноправен партнер во работата со Владата, но истовремено и како активен предизвикувач и поттикнувач на Владата за градење подобра бизнис-регулатива, поволна клима за развој на македонскиот бизнис и повисок раст на БДП од досега постигнатиот. Таа е силна поддршка на големите, особено на извозноориентираните компании кои директно влијаат на растот на економијата, а тоа отвора нови можности за развој и на малите и на средните компании, што води кон поразвиена и стабилна клима и повеќе вработувања. Комората и понатаму треба да остане моќен поборник против сивата економија и корупцијата со носење конкретни и храбри предлози за законски измени во прилог на градење транспарентна бизнис-клима во која сите ќе имаат исти можности.“



м-р Антонио Аргир



м-р Митко Јанчев

„Членството во Стопанската комора на чие чело сте Вие како претседател ми даде за право да имам храброст да се дружам со авторитетни луѓе кои раководат со големи и со успешни компании, да седам со нив на иста маса, да го извлечам позитивното и да учам од нив.“

„Да се префрлите од задолжително на доброволно членство, а притоа да останат сите тие 15 000 членки, несомнено е доказ дека сите тие бизнисмени веруваат дека Комората, со една нова поставеност и со еден нов фокус, може да биде вистински гласноговорник на бизнисот и застапник на интересите на приватниот сектор. Комората се претвори во место каде што секоја компанија може да дојде и да го најде својот интерес, нејзиниот глас да биде слушнат и низ соодветните тела, органи и механизми на Комората да се овозможи тој глас да стигне таму каде што треба. Комората престана да биде перципирана како комора на големите, комора на избраните или на ограничен број луѓе, туку е Комора во која секој субјект, секоја невладина организација, па и секој проект за енергетска ефикасност, за продуктивност и за едукација може да го најде своето место.“



Ѓорѓи Петрушев


м-р Ангелка Пеева Лауренчиќ

„Жените вклучени во нашето коморското работење успеваат да ги коригираат мажите со својата дисциплина затоа што имаат карактерни особини на прецизност, на точност, на дисциплинираност и на одговорност. Поради природата, понекогаш сме и порадикални во носењето на одлуките со јасни и со прецизни ставови.“

„Навистина е голема чест и привилегија што сум дел од УО, што работам одблиску со Вас, со колегите од УО и со вработените во Комората и секогаш по седниците се чувствувам инспирирано да размислувам што може да се направи повеќе и како да се подобрат работите во интерес на бизнисот и на коморското работење.“


д-р Анита Блажевска



**проф. д-р Ирена Кикеркова**

„Во еден период, кога фирмите беа исклучително затворени за примање студенти за практична работа кај нив, што беше законска обврска за високото образование, Стопанската комора широко ги отвори вратите не само да ја исполнат законската обврска туку и беа полни со впечатоци од работите што ги научиле бидејќи учеле директно од стопанствениците. Моето долгогодишно присуство со Вас во Комората ми даде посебен увид за состојбите во економијата во еден исклучително тежок период за земјава. Многу е поинаку кога работите ги читате во медиумите, а сосема е поинаку кога ќе ги слушнете стопанствениците на лице место со какви проблеми се сочуваат. Тие информации беа од непроценлива вредност и исклучително влијаеја на моето размислување и професионално работење како професор.“



**проф. д-р Дарко Лазаров**

„Соработувајќи со Комората преку еден заеднички проект видов колкава е нејзината важност во делот на можностите кои ги нуди во практичната примена на оние концепти кои ние ги работиме во рамките на науката и на Академијата, а тоа што ме импресионираше од Вас лично како претседател е отвореноста за соработка, практичниот пристап што го немаше во науката. Меѓутоа Вие, на некој начин и Комората, ги отворивте вратите и покажавте дека таа соработка може да биде функционална, реална и да даде практични резултати. Моите научни теоретски знаења ги ставивте во фукција на развој на бизнисот. Многу значајна беше конференцијата што ја организиравме заедно со вас во Охрид и настапивме со заеднички труд. Тоа беше можност на едно место да се соберат бизнис-заедницата, Академијата и Владата за креирање на подобри економски политики за државава. Но, и да се покаже дека Академијата може да работи заедно со бизнисот.“




**м-р Боријан Борозанов**

„Стопанската комора го има најдено правиот пат да се фокусира на неколку точки во преговорите со Владата, што ќе им донесат бенефит на сите компании – подигнување на извозот, проширување на регионалната соработка и создавање систем на образование кој ќе продуцира кадар за потребите на бизнисот, како и нула толеранција на корупцијата од аспект на привлекување странски инвестиции и воспоставување систем на заслуги. Како компанија, благодарение на Стопанската комора која го поттикна процесот на дуалното образование, се вклучивме во дуалното образование.“




**м-р Тони Стојановски**

„Коморите имаат незаменлива улога во процесите бидејќи први ги препознаваат промените и ги поттикнуваат компаниите да бидат отворени за таквите промени.“




**Андреја Серафимовски**

„Стопанската комора е највисокиот облик на организирање и на дејствување, што овозможува компаниите да дејствуваат, да помагаат и да придонесуваат во општеството во кое живеат. Во овој период има реално придвижување на работите, а Владата за првпат е поставена како партнер на активностите, а не како оценувач. Соработката е воспоставена преку Работното тело по иницијатива на претседателот на Стопанската комора Бранко Азески. Сите чинители мора да дејствуваат заедно, без потчинети и без надредени страни, за рамноправно да се решаваат предизвиците.“

„Мојата почит спрема Стопанската комора е на највисоко ниво затоа што во неа членуваат компаниите кои го движат македонскиот извоз, компаниите кои го полнат нашиот буџет, компаниите кои нè водат напред. Комората е гласот на бизнисот – од дизајнирање и носење политики до детектирање проблеми и барање нивно решение. Секоја влада ја знае моќта на коморите и мора да ги ислуша и да ги консултира при носењето одлуки. Не смееме да ги заборавиме периодите на кризи во кои им помогна Стопанската комора како партнер и на компаниите и на државава.“



д-р Никица Мојсовска Блажевски



м-р Анатол Кутревски

„Јас уживам во Стопанската комора. Тоа е форум на кој ние си ги кажуваме нашето мислење и ставови. Нема друг форум на кој ние, како стопанственици, ги кажуваме нашите предизвици и она со што се соочуваме. Во Стопанската комора има инфраструктура и луѓе кои имаат знаење и кои се упатени ако ви треба нешто, луѓе кои знаат да ви дадат совет и насока. Преку Комората имаме обуки и ефикасна комуникација со државните институции и со странските институции заради соработка и регионални иницијативи за подобрување на трговската размена.“

„Членовите на Управниот одбор на Стопанската комора се професионалци исполнети со својата работа, кои сакаат да придонесат за заедницата и побргу да ги придвижат работите во правец кој сите го посакуваме.“



м-р Михајло Борозанов



м-р Александар Манев

„Стопанската комора е збир на најуспешните луѓе на едно место, кои ги обединува претседателот на Комората и кој дава визија за понатаму. Комората е институција која е тука кога најмногу ти треба, која има јасна визија за развојот на економијата, креира политики и овозможува вмрежување на успешни деловни луѓе на сите полиња.“

„Управниот одбор на Стопанската комора е сериозно функционално тело со добра репрезентативност на стопанскиот сектор и на различните стопански гранки, во кое отворено се дискутира и се решаваат реални проблеми. Составот е од реализирани луѓе кои имаат изградено нешто, но и сè уште се во процес на градење на своите фирми и на своите приказни. Има критична маса за работа.“



м-р Тони Јанковски



Ангел Анѓушев

„Вашата иницијатива да организирате една ваква емисија е многу добар пример за доживотно учење. Вие кога сте биле на моја возраст не постоел интернетот, а денес правите нешто што е ново во светот – снимањето поткасти. Поткастите се еден формат каде што нема стандардно прашање/одговор во еден структуриран формат, туку разговор меѓу двајца луѓе каде што може да се види и карактерот на луѓето.“




Кастриот Арифи

„Стопанската комората е најдобар пример дека во деловната соработка не е важна националната припадност, туку заедничкиот интерес и заедничките вредности, принципи и цели на двајцата партнери кои се поразлични од политичките цели. Таа во своето работење е фокусирана на разрешување на прашањето за односот на капиталот и трудот; поправка на структурата на капиталот кај ангажирани и кај неангажирани (неактивни) лица; обезбедување континуитет на легислативата при промена на власта; борба против корупцијата и сивата економија; забрзана гасификација и поддршка на извозот.“

„Чест ми е што сум активен член на Управниот одбор на Стопанската комора, но и како компанија сме долгорочна членка на Стопанската комора која дефитивно ја етаблира бизнис-климата во Македонија. Насоченоста на работењето на Комората на трите развојни компоненти – образование, извоз и регионална соработка – не е можна без силни институции и без соработка со образовниот сектор. Без регионална соработка, без барање регионални пазари и без подобрување на извозната компонента, ние не можеме да се надеваме на раст на економијата и на подобар живот. Треба да се фокусираме да донесеме девизни приливи во државава за да бидеме посигурни и помоќни.“




Зоран Илиевски




м-р Марта Наумовска Грнарова

„Пред сè сум почестена за предлогот и за поканата да бидам дел од Управниот одбор на Стопанската комора. Ние сме присутни и активни членки на Комората од секогаш и секогаш се чувствувам како дома на нејзините настани. Моето професионално растење е поврзано со Комората. Затоа голема е чест да придонесам и од другата страна и да бидам поактивно вклучена во активностите на самата Комора, но истовремено тоа значи и обврска и одговорност. Управниот одбор на Комората е составен од функционална екипа со која може отворено да се дискутира и да се носат конструктивни одлуки. Различната возраст на членовите претставува одлична комбинација од свежина и актуелност што ги носат младите и искуство што го поседуваат повозрасните членови.“

„За Стопанската комора првпат слушнав додека бев на факултет, но вистински ги почувствував нејзината улога и придобивките кога станав дел од Комората преку членството во одборите на Стопанската комора на Македонија како млад бизнисмен и претприемач. Вие придонесовте да бидам дел од Владата, како министер за финансии, затоа што Вие бевте вклучени во разговорите и од тогаш остана еден прекар, наместо „претседателе“ да Ве викаме „апостоле“ кој и денес го користиме.“




д-р Нина Ангеловска




Филип Николовски

„Комората секогаш е тука кога му треба на бизнисот. Кога започна енергетската криза, ние со Вас и со Комората бевме во постојана секојдневна комуникација на разни состаноци. Вие бевте дел од тимот во преговарачките процеси со останатите земји кога се бараше секаков вид помош и бевте директно вклучени на сите состаноци. Јас сум лично среќен што соработував со Вас.“

„Кога аплицирав за виза за некој со извонредни способности, што ја дава Америка на 0,00005 % од луѓето во светот, еден од потписниците за препорака бевте и Вие, претседателе Азески, поради нашата соработка која ја имавме за Балканскиот самит што го организиравме во 2019 година, така што можам да кажам благодарение на Вас, мојот пат и успех во Америка започна со тоа. Исто така првиот човек кај кого го донесов директорот на списанието „Форбс“, еден од 150-те највлијателни луѓе во Америка, бевте Вие поради улогата што ја имате.“




м-р Аријана Коскарова